WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ АВИОКАСКО НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Јуни 2013 година

Усвоени и донесени со одлука на Управниот одбор на АД ВИНЕР број 91/0202/1/13 од 17.06.2013год.

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ АВИОКАСКО НА ВОЗДУХОПЛОВИ

## ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ
Член 1

Предмет на осигурување по овие Услови се воздухопловите кои осигуреникот како сопственик или корисник ги осигурува со осигурително покритие "Против сите ризици"за штети и оштетување кои ќе настанат на осигурениот воздухоплов,поради непредвидени настани за време на летање,рулање,мирување на земја или усидрување, а за периодот на договореното осигурително покритие, со полисата за осигурување, но максимум до осигурената вредност.

Со овие Услови покриени се и штетите кои ќе настанат како последица на небрежност на заповедникот, пилотот и членовите на посадата, како и трошоците кои биле оправдано направени за спасување и за превоз на осигурениот воздухоплов до местото на поправка, освен исклучувањата и ограничувањата што подолу се наведени, но најмногу до висина на сумата на осигурување.

Осигурувачот покрива штети и тогаш кога туѓ државјанин-пилот нема потребна дозвола од Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба,ако има важечка дозвола за летање на дотичниот тип воздухоплов издадена согласно законските прописи во некоја друга држава.

Горното покритие е условено, ако инструктор по летање пред самостојниот лет направи пробно летање и проверки на знаењето на странскиот државјанин-пилот.

Пробните летови мора да бидат впишани во книгата на летања.

## ОГРАНИЧУВАЊА НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ
Член 2

Осигурувачот не е во обврска да ги надомести штетите поради:

1.**Изведување на акробатски летови**, учествување на натпревари и други летови,кои представуваат специјален ризик, освен ако тоа не е посебно договорено и наведено во полисата за осигурување.

2.**Изведување на пробни летови** на прототипови, поправени или реконструирани воздухоплови ( со што се менуваат нивните својства ).

3.**Употреба на терен кој не е одобрен** од страна на надлежни органи за слетување или полетување, освен ако до употреба на истиот е дојдено поради дејство на виша сила или нужна потреба од таквото слетување, со добена дозвола, одобрение за следтување од контролата на летање.

4.**Сместување на поголем број патници** или поголема количина на стока над максимално дозволеното оптоварување на воздухопловот, од 16 или повеке патнички седишта

5.**Авиотретирање на приватни и стопански површини,** (штети и трошоци како последица на хемиски ризик при употреба на воздухопловот за авиотртирање на земјоделски и шумски површини).

6.Оштетни барања кои се исклучени со клаузулата за војна, вооружен разбојнички напад и други опасности (авио ) по клаузула **AVN 48 B.**

7.Точките од 1 до 6 се исклучени од осигурување, но со доплаток на премија и посебно договарање и внесување во полисата може да се вклучат во осигурување.